

ИЗДАНИЕ БР.38, МАРТ 2022

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО СЕЛО РЕСАВА СЕ ПОПЛОЧИЈА ПЕТ ПРИСТАПНИ УЛИЦИ, СО ВКУПНА ПОВРШИНА ОД 900 М2. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПОРТЛАНД ОД СТРУМИЦА.







ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПЕШАЧКА ПАТЕКА НА УЛ.14 МАЈ СПОЈ СО УЛ. НЕРЕТВА, СОГЛАСНО ДОГОВОРОТ СО УРБАНАТА ЗАЕДНИЦА СЛОГА.

ИСЧИСТЕН Е ПРИСТАПНИОТ ПАТ КОН ИЗВОРИТЕ ЛУКАР



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

- ИСЧИСТЕНА Е УШТЕ ЕДНА ДИВА ДЕПОНИЈА ВО СЕЛО МАРЕНА

- ЧИСТЕЊЕ НА ДИВА ДЕПОНИЈА НА УЛ. ДИСАНСКА

- ИСЧИСТЕНА ДИВА ДЕПОНИЈА НА УЛ. ГЛИГОР ПРЛИЧЕВ, ПОД „ПОТПОРНИОТ ЅИД"

- ИСЧИСТЕНА ДИВА ДЕПОНИЈА НА ЛОКАЦИЈА НА УЛИЦА „ДИСАНСКА"

- ЧИСТЕЊЕ НА ДИВА ДЕПОНИЈА ВО „ТЕНЕЌЕ МААЛО".МЕХАНИЗАЦИЈАТА Е ДОНАЦИЈА ОД КОМПАНИЈАТА КОЖУВЧАНКА.





23. ПРОБИВАЊЕ И ТАМПОНИРАЊЕ НА УЛИЦАТА „ДОМОВИЦА" И СПОЈ СО УЛИЦА „ГЛИГОР ПРЛИЧЕВ" ВО ДОЛЖИНА ОД 300 МЕТРИ, И ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА ВОДОВОДНА, ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПЕШАЧКИ ПРЕМИН И ФАРБАЊЕ НА УЛИЦАТА „ЗЕЛЕН ПАЗАР", ПО ШТО ВО ТЕКОТ НА НАРЕДНИТЕ НЕКОЛКУ ДЕНА ЌЕ СЕ ПРОДОЛЖИ СО ФАРБАЊЕ И НА ДВЕТЕ НИВОА НА НОВИОТ ПАРКИНГ НА ИСТАТА УЛИЦА.





ЗАПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА УЛ. „ЗАПАДЕН БУЛЕВАР" КОЈА Е ВО РАМКИТЕ НА „ПРОЕКТОТ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА" СРЕДСТВА ДОДЕЛЕНИ ПРЕКУ ЗАЕМ ОД СВЕТСКА БАНКА, СО ЦЕЛ ПОДОБРУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА.
ИСТАТА Е СО ДОЛЖИНА ОД 609 МЕТРИ, ВО КОЈА СЕ ОПФАТЕНИ ДВЕТЕ КОЛОВОЗНИ ЛЕНТИ СО ШИРИНА ОД ПО 6.0 МЕТРИ.






# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЗАПОЧНА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПАРКИНГ НА УЛ. „ИВО АНДРИЌ" НА МЕСТОТО НА РУШЕНИТЕ ЛИМЕНИ ГАРАЖИ







СОГЛАСНО ДОГОВОРОТ ЗА БЕТОНИРАЊЕ СО МЗ ЉУБАШ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА, СЕ БЕТОНИРА ШЕЗАШТИТЕН ТРОТОАР НА УЛИЦАТА „ИГМАН" СО ШТО ЌЕ СЕ ВРШИ И ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПРИСТАПНИ ПАТЕКИ НА ЗГРАДА НА ИСТАТА УЛИЦА.
ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.

ВО ТЕК Е РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФАСАДАТА НА ЗГРАДА НА УЛИЦАТА „7 СЕПТЕМВРИ" БР 64.

ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА АВТОМАТСКО ТЕХНОЛОШКИ СИСТЕМИ ДООЕЛ СКОПЈЕ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПО БАРАЊЕ ЗА ИНТЕРВЕНЦИЈА ОД МВР, ОД СТРАНА НА ПОЖАРНИКАРИТЕ ОД ПРОТИВПОЖАРНАТА ЕДИНИЦА КАВАДАРЦИ Е ПРЕСЕЧЕНО ДРВО ШТО ГОРИ ВО БЛИЗИНА НА БЕНЗИНСКАТА ПУМПА ДО СЕЛО ДРЕНОВО, СО ЦЕЛ ДА СЕ ИЗБЕГНЕ ПОГОЛЕМА ШТЕТА.



СЕ ПОПЛОЧУВААТ ДВА КРАКА ОД УЛИЦАТА „ЛАЗО МИЦЕВ" ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ ПОСТАВЕНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ОД СТРАНА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ. ИЗВЕДБАТА Е СОГЛАСНО ДОГОВОРОТ ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА КУЛА, А ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ ПОПЛОЧУВА КРАК ОД УЛИЦАТА „ЦАНО ПОП РИСТОВ" ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ ПОСТАВЕНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА И ВОДОВОДНА ЛИНИЈА, ОД СТРАНА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ. ИЗВЕДБАТА Е СОГЛАСНО ДОГОВОРОТ ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА КУЛА, А ИЗВЕДУВАЧ Е ПАВЕР ТРЕЈД.





СЕ ОТПОЧНА СО ЧИСТЕЊЕ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЧНОТО КОРИТО ОД КАВАДАРЦИ ДО СЕЛО МАРЕНА. МЕХАНИЗАЦИЈАТА Е ДОНАЦИЈА ОД 3 ТРАНСПОРТ





РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЧНОТО КОРИТО НА РЕКАТА ЛУДА МАРА ОД ГЛИШИЌ ДО С.МАРЕНА.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ




НАПРЕДУВААТ АКТИВНОСТИТЕ, ИЗРАБОТЕНИ 50 ПРОЦЕНТИ ОД ВКУПНИТЕ АКТИВНОСТИ КОН ИЗГРАДБАНА НОВА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА ВО НАСЕЛБА БРУШАНИ, ТИКВЕШКО ЕЗЕРО.

ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ВРШИ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА Ф 63 И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА Ф 250 ВО ДОЛЖИНА ОД 50 МЕТРИ, НА КРАК НА УЛИЦАТА „ЦАНО ПОП РИСТОВ"






ДЕНОВИВЕ ЗАПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ПАТОТ ЗА СЕЛО ДРЕНОВО, ОД КЛУЧКАТА ДО СЕЛОТО, ВО ДОЛЖИНА ОД 2.900 МЕТРИ И ШИРИНА ОД 5 МЕТРИ.
СРЕДСТВАТА СЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ОД ТАВ ПРОГРАМАТА, А ПОДИЗВЕДУВАЧ Е ГРАДБА ПРОМЕТ.

# НАСТАНИ

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ОДРЖА СРЕДБА СО ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ФОНДАЦИЈАТА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА, НА КОЈА СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА МОЖНОСТИТЕ ЗА ИДНА СОРАБОТКА И БЕШЕ ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „ЗАЈАКНАТИ СИСТЕМИ НА ИНТЕГРИТЕТ НА ЛОКАЛНО НИВО". ВКЛУЧЕНОСТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Е ОД ОГРОМНО ЗНАЧЕЊЕ, СО ОГЛЕД НА ТОА ШТО Е ЕДНА ОД ПЕТТЕ ОПШТИНИ ОД НАШАТА ДРЖАВА ВКЛУЧЕНА ВО ОВОЈ ПРОЕКТ.



КАВАДАРЦИ ДОБИ ЕКО ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР

МЕСТО НА КОЕ УЧЕНИЦИТЕ И ВООПШТО ПОСЕТИТЕЛИТЕ, ЌЕ СЕ ЕДУЦИРААТ НА ТЕМИ ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА НА ПРИРОДАТА И БИОЛОШКАТА РАЗНОВИДНОСТ.

ЕКО - ЕДУКАТИВНИОТ ЦЕНТАР СЕ НАОЃА ВО ГРАДСКИОТ ПАРК „ЉУПЧО ШКАРТОВ" КАВАДАРЦИ ВЕДНАШ СПРОТИ ВИНСКИ МУЗЕЈ ЗА РЕГИОН ТИКВЕШ.

ПО ПОВОД ДЕНОТ НА ПРОЛЕТТА И ЕКОЛОГИЈАТА 21 МАРТ, ЕКО-ЕДУКАТИВНИОТ ЦЕНТАР БЕШЕ ДОМАЌИН НА ПРВАТА ГРУПА И ТОА 60 УЧЕНИЦИ И 3 НАСТАВНИЧКИ ОД ЧЕТВРТО ОДДЕЛЕНИЕ ОД О.О.У „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" КАВАДАРЦИ. СИТЕ КОИ СЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЗА ЕДУКАЦИЈА И ИНФОРМИРАЊЕ ЗА СОСТОЈБАТА СО БИОЛОШКАТА РАЗНОВИДНОСТ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ МОЖЕ ДА СЕ ОБРАТАТ ВО ЕКО-ЖИВОТ ИЛИ ВО СЕКТОР ЖИВОТНА СРЕДИНА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.



# НАСТАНИ

ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ НА РАБОТНА СРЕДБА СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, БЕШЕ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ГОСТИВАР Г-ДИН АРБЕН ТАРАВАРИ.



СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ НА ВОНРЕДНА СЕДНИЦА ДОНЕСЕ ОДЛУКА ДА СЕ ИСПРАТИ ХУМАНИТАРНА ПОМОШ ЗА НАРОДОТ НА УКРАИНА.
ВАКВАТА ОЛДУКА УСЛЕДИ ПО ДОСТВЕНОТО БАРАЊЕ ОД ЗДРУЖЕНИЕТО НА УКРАИНЦИ ВО ЗЕМЈАВА„ЛЕСЈА УКРАИНКА“.СЕДУМНАЕСЕТ СОВЕТНИЦИ ГЛАСАА„ЗА“, ДОДЕКА СОВЕТНИКОТ ОД ЛЕВИЦА БЕШЕ ВОЗДРЖАН. ОПШТИНАТА ЌЕ ИЗДВОИ 600.000 ДЕНАРИ ЗА ЗДРУЖЕНИЕТО КОЕ ЌЕ ТРЕБА ДА НАБАВИ ПРЕХРАНБЕНИ ПРОДУКТИ, А СО ДОНАЦИИ ЌЕ СЕ ПРИКЛУЧИ И БИЗНИС СЕКТОРОТ.





ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗАЕДНО СО СЛУЖБИ ОД ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ЈП КОМУНАЛЕЦ И МОЈ ОПШТИНАР, ИМАШЕ ПРИЕМЕН ДЕН ЗА ГРАЃАНИТЕ. СО ОКОЛУ СТОТИНА ОД НИВ СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА НИВНИТЕ ПРОБЛЕМИ, НО И ПРЕДЛОЗИ, СУГЕСТИИ И ЗАБЕЛЕШКИ ВО ДЕЛОТ НА УРБАНИЗМОТ, КОМУНАЛНАТА ИЗГРАДБА, КАКО И НА ДРУГИ ТЕМИ.

# НАСТАНИ

ДО ПОДОБРИ ОПШТИНИ, СО НАВРЕМЕНО ПОДМИРУВАЊЕ ДАНОК НА ИМОТ.
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КАКО ПАРТНЕР-ОПШТИНА НА ПРОЕКТОТ НА УСАИД ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА РЕСУРСИТЕ СЕ ПРИКЛУЧУВА КОН КАМПАЊАТА „МОЈОТ ДАНОК, ЗА МОЈАТА ОПШТИНА!“




ЗАЕДНО СО ГРАДОНАЧАЛНИЦИТЕ НА НЕГОТИНО, РОСОМАН, ДЕМИР КАПИЈА, ПРЕТСТАВНИЦИ ОД НАЦИОНАЛНА МРЕЖА ПРОТИВ НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО И ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ „ВИЗИЈА" КАВАДАРЦИ ПОТПИШАВМЕ ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОВЕТУВАЛИШЕН ЦЕНТАР ЗА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА ЖРТВИ НА РОДОВО БАЗИРАНО И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО НА ЛОКАЛНО НИВО, ВО ОВИЕ ЧЕТИРИ ОПШТИНИ.



ГЛАВНАТА ЦЕЛ НА ОВОЈ ПРОЕКТ Е ДА СЕ ПОДОБРИ ПРИСТАПОТ ДО СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ СЕРВИСИ ЗА ЖЕНИ И ДЕЦА ЖРТВИ НА РОДОВО БАЗИРАНО И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО.
ЦЕЛНА ГРУПА СЕ ЖРТВИТЕ НА РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО.
СОВЕТУВАЛИШТЕТО ЌЕ БИДЕ ЛОЦИРАНО ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ,НА ЛОКАЦИЈА КОЈА Е ЛЕСНО ДОСТАПНА ЗА ЛИЦА СО ФИЗИЧКА ПОПРЕЧЕНОСТ, А ЌЕ ГО КОРИСТАТ ЖЕНИ И ДЕЦА ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, НЕГОТИНО, РОСОМАН И ДЕМИР КАПИЈА.
СЕ НАДЕВАМ ДЕКА СО ОВОЈ ПРОЕКТ ЗАЕДНИЧКИ ЌЕ УСПЕЕМЕ ДА ДАДЕМЕ ПОДДРШКА И ДА ГО СПРЕЧИМЕ ПОВТОРУВАЊЕТО НА ИДНО НАСИЛСТВО КАЈ ЖЕНИТЕ, ЌЕ ОВОЗМОЖИМЕ ЕКОНОМСКО ЈАКНЕЊЕ И ОСАМОСТОЈУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ ЖРТВИ, И ЌЕ ГО СПРЕЧИМЕ ТРАНСГЕНЕРАЦИСКОТО НАСИЛСТВО ПРЕКУ НАДМИНУВАЊЕ НА ТРАУМИТЕ И ПОСЛЕДИЦИТЕ.



# НАСТАНИ

ОСМА СЕДНИЦА НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. СО 14 ГЛАСА „ЗА“ И 5 „ПРОТИВ“ СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ДЕНЕСКА ВО РАМКИ НА ОСМАТА РЕДОВНА СЕДНИЦА ГИ УСВОИ ГОДИШНАТА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ ЗА 2021 И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНАТА. ОД ЗАВРШНАТА СМЕТКА СЕ ГЛЕДА ДЕКА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ МИНАТАТА ГОДИНА ИМА ОСТВАРЕНО ВКУПНИ ПРИХОДИ ОД 1.042.153.000 ДЕНАРИ И ВКУПНИ РАСХОДИ ОД 1.185.134.000 ДЕНАРИ. ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НАГЛАСИ ДЕКА ВО НЕГОВИОТ ПРЕТХОДЕН МАНДАТ И ВО ПРВАТА ГОДИНА ОД ВТОРИОТ МАНДАТ СЕ БЕЛЕЖИ ЗНАЧИТЕЧНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ОСНОВНИОТ КАПИТАЛ НА ОПШТИНАТА. „ЗА ЧЕТИРИ ГОДИНИ ИМАМЕ ТРИ ПАТИ ЗГОЛЕМЕН ОСНОВЕН КАПИТАЛ НА ОПШТИНАТА. ИЛИ ОД 12 МИЛИОНИ ЕВРА ПРЕТХОДНО, ДЕНЕСКА ОПШТИНАТА РАСПОЛАГА СО ОСНОВЕН КАПИТАЛ ОД 40 МИЛИОНИ ЕВРА. ИСТО ТАКА ЗА ЧЕТИРИ ГОДИНИ ИМАМЕ ЗНАЧИТЕЛНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ“ РЕЧЕ ЈАНЧЕВ И ЕЛАБОРИРАШЕ ЗА СИТЕ РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД КОЈ ДАЛЕ ПРИДОНЕС ВО ЗГОЛЕМУВАЊЕТО НА ОСНОВНИОТ ОПШТИНСКИ КАПИТАЛ.



ПРОЛЕТТА САМО ШТО ПОЧНУВА ДА ЈА БУДИ ПРИРОДАТА. СОНЦЕТО Е СЕ ПОВЕСЕЛО, А ДЕЦАТА СЕ СЛОБОДНИ ВО СИТЕ НИВНИ ЛУДОРИИ ПАРКОВИТЕ СЕ ИСПОЛНЕТИ СО ДЕТСКА СМЕА. А, ДЕЧИЊАТА ОД ДЕТСКАТА ГРАДИНКА „РАДА ПОЦЕВА„ НЕ ИЗРАДУВАА СО ЦВЕТНО ДЕФИЛЕ НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД, ПО ПОВОД ПРВИОТ ПРОЛЕТЕН ДЕН .





ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, Е АМБАСАДОРКАТА НА ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО ВО МАКЕДОНИЈА Г-ЃА РЕЈЧЕЛ ГАЛОВЕЈ. ТИЕ ИМАА КРАТКА РАБОТНА СРЕДБА, ПО ШТО ПРИСУСТВУВААТ НА „СИМУЛАЦИСКА ВЕЖБА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ" ОРГАНИЗИРАНА ОД ИНСТИТУТОТ ЗА ДЕМОКРАТИЈА „СОЦИЕТЕС ЦИВИЛИС", И БРИТАНСКАТА АМБАСАДА, ВО СОРАБОТКА СО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. ЦЕЛТА НА ВЕЖБАТА Е ПРАКТИЧНО ДА ЈА УТВРДИ ПОСТАВЕНОСТА, НАЧИНИТЕ НА ОДЛУЧУВАЊЕ, НИВОТО НА КООРДИНАЦИЈА, НИВОТО НА МАТЕРИЈАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ПРАКТИЧНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРИ УПРАВУВАЊЕТО НА РИЗИЦИ ОД НЕСРЕЌИ И КАТАСТРОФИ.





ОФИЦИЈАЛЕН СТАРТ НА ЧЕТВРТОТО ИЗДАНИЕ НА УЛИЧНАТА ПОЛУМАРАТОНСКА ТРКА „ КАВАДАРЕЧКИ ПОЛУМАРАТОН"  ОВАА ГОДИНА ИМАМЕ ЧЕСТ ДА БИДЕТЕ ДОМАЌИНИ НА 260 ОФИЦИЈАЛНО ПРИЈАВЕНИ ТРКАЧИ ОД ЦЕЛАТА ЗЕМЈА. НО, ОСОБЕНА ЧЕСТ НИ ПРЕТСТАВУВАШЕ И ФАКТОТ ШТО ЗА ПРВПАТ НА ТРКАТА ЗЕМАА УЧЕСТВО И ДЕЦА ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ГРАДОТ.
КАВАДАРЕЧКИ ПОЛУМАРАТОН Е ТРКА КОЈА ВЕЌЕ ПРЕРАСНА ВО ТРАДИЦИЈА. СО СРЕЌА НА СИТЕ УЧЕСНИЦИ, СЕ ГЛЕДАМЕ НА ФИНИШОТ .





# НАСТАНИ

КОГА СЕ ОДБЕЛЕЖУВА СВЕТСКИОТ ДЕН НА ЛИЦАТА СО ДАУНОВ СИНДРОМ, ПРВО ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕМЕ Е ДЕКА ДАУНОВ СИНДРОМ НЕ Е БОЛЕСТ. ЛУЃЕТО СО ДАУНОВ СИНДРОМ НЕ БАРААТ ЛЕК, ТУКУ САКААТ ДА БИДАТ ПРИФАТЕНИ КАКО ОСТАНАТИТЕ И ДА ИМААТ ПРАВО ДА БИДАТ КАКО ДРУГИТЕ. ТИЕ СЕ ТОЛКУ СРДЕЧНИ, ТОПЛИ, НАСМЕАНИ, ВЕСЕЛИ, ЉУБЕЗНИ, ДОВОЛНО Е ДА ИМ КАЖЕТЕ УБАВ ЗБОР И ТИЕ ЌЕ СЕ ИЗРАДУВААТ. ТОА СЕ ТИЕ „ДЕЦА НА СОНЦЕТО„ И ЗАТОА ДЕНЕС, ПОВЕЌЕ ОД БИЛО КОГА САКАМЕ ДА ЈА РАЗБУДИМЕ СВЕСТА И РАЗБИРАЊЕТО ЗА ОВИЕ ЛИЦА И ДА ДАДЕМЕ ПОДДРШКА ЗА НИВНО ИНТЕГРИРАЊЕ ВО ДРУШТВОТО, ДА ИМ ОСИГУРАМЕ МЕСТО ВО ГРАДИНКИТЕ, УЧИЛИШТАТА И НА РАБОТА.
ПОДДРШКА ЗА ДА СЕ ПОДОБРИ НИВНАТА ПОЛОЖБА, А СО САМОТО ТОА И КВАЛИТЕТОТ НА НИВНИОТ ЖИВОТ. ДЕНЕС И СЕКОЈ ДЕН!






ОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ РАСПРАВАШЕ И ЗА СОСТОЈБИТЕ ВО ЛОЗАРСТВОТО. ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА КАВАДАРЦИ МИТКО ЈАНЧЕВ ВО СВОЈАТА ДИСКУСИЈА НАГЛАСИ ДЕКА ЛОЗАРИТЕ МОРА ДА ДОБИЈАТ ОТКУПНА ЦЕНА КОЈА Е РЕАЛНА И ЌЕ ГИ ПОКРИВА ПРОИЗВОДНИТЕ ТРОШОЦИ. ТОЈ ПОТЕНЦИРА ДЕКА ПОВЕЌЕ ОД ПОТРЕБНО Е ДА СЕ ИЗГРАДИ ДЕСТИЛЕРИЈА КОЈА ЌЕ ГИ АМОРТИЗИРА ПРОБЛЕМИТЕ ПРИ ОТКУПОТ НА ВИНСКО ГРОЗЈЕ.



# ЖИВОТНА СРЕДИНА

ПОДИГАЊЕ НА ЗЕЛЕНА ПОВРШИНА НА ЦРКВАТА „СВ. ДИМИТРИЈА"



ПОДИГАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА НОВА ЗЕЛЕНА ПОВРШИНА НА БУЛЕВАР „МОША ПИЈАДЕ" ОД НАД 500 МЕТРИ





СОЗШУ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ„ НА ЛОКАЦИЈАТА -ГЛИШИЧКИ РИД- ПРОДОЛЖИ СО ПОШУМУВАЊАТА СО НОВИ 500 САДНИЦИ ВО РАМКИТЕ НА АКТИВНОСТИТЕ КООРДИНИРАНИ ОД НАЦИОНАЛНИ ШУМИ И ЛОКАЛНАТА САМОУОПРАВА ЗА ЗГЛОМУВАЊЕ НА ЕКОЛОШКАТА СВЕСТ ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА ДРВЈАТА ВО НАШАТА НЕПОСРЕДНА ОКОЛИНА.



# ЗЕЛЕНИЛО



УРЕДУВАЊЕ НА СТАРИ И НОВИ ПОВРШИНИ НА ЗЕЛЕНИЛО ВО НОВИОТ ЦЕНТАР

РЕДОВНО ГОДИШНО ОБНОВУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНАТА ПОВРШИНА НА ГРАДСКИ СТАДИОН „ТИКВЕШ”






ЗАПОЧНА ИЗГРАДБАТА НА ЗЕЛЕНИ ОСТРОВИ НА УЛИЦАТА „ИЛИНДЕНСКА”, КОИ СЕ ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ПОДОБРА ЖИВОТНА СРЕДИНА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.
НА ВКУПНО 15 ОСТРОВИ ЌЕ БИДАТ ПОСАДЕНИ ЦВЕЌЕ И НИСКИ ЗИМЗЕЛЕНИ ДЕКОРАТИВНИ САДНИЦИ

# СООПШТЕНИЕ

ВО ПЕРИОДОТ ОД ФЕВРУАРИ 2022 ДО МАРТ 2023 ГОДИНА ВО КАВАДАРЦИ ЌЕ СЕ СПРОВЕДУВА ПРОЕКТОТ „НАМАЛУВАЊЕ НА ОТПАД ОД МЕБЕЛ, ДРВЕН ОТПАД И ТЕКСТИЛ ПРЕКУ НЕГОВА РЕУПОТРЕБА И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ВКЛУЧЕНОСТ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ“

ПРОЕКТОТ ЌЕ БИДЕ РЕАЛИЗИРАН ОД СТРАНА НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА “ЕКО-ЖИВОТ” КАВАДАРЦИ, ВО СОРАБОТКА СО СРЕДНОТО ОПШТИНСКО ЗЕМЈОДЕЛСКО ШУМАРСКО УЧИЛИШТЕ “ЃОРЧЕ ПЕТРОВ” ОД КАВАДАРЦИ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ. ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ОД ПРОГРАМАТА ЗА МАЛИ ГРАНТОВИ (ПМГ) НА ГЛОБАЛНИОТ ЕКОЛОШКИ ФОНД (ГЕФ), ЗДРУЖЕНИЕТО “ЕКО-ЖИВОТ“ ОД КАВАДАРЦИ, СРЕДНОТО ОПШТИНСКО ЗЕМЈОДЕЛСКО ШУМАРСКО УЧИЛИШТЕ “ЃОРЧЕ ПЕТРОВ” ОД КАВАДАРЦИ И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

ГЕНЕРАЛНА ЦЕЛ НА ПРОЕКТОТ Е НАМАЛУВАЊЕ НА ОТПАДОТ ОД МЕБЕЛ И ТЕКСТИЛ НА ДЕПОНИИТЕ И ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ И НЕГАТИВНОТО ВЛИЈАНИЕ НА ОВОЈ ОТПАД ПО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. СО ПРОЕКТОТ ЌЕ БИДЕ НАБАВЕНА ОПРЕМА И ЌЕ СЕ ОБУЧАТ ЛИЦА ДА ПОПРАВААТ И КРЕРИРААТ МЕБЕЛ. ОБУКИТЕ ЗА РЕУПОТРЕБА НА МЕБЕЛ ЌЕ ОПФАЌААТ ТЕОРИСКИ И ПРАКТИЧЕН ДЕЛ ДИРЕКТНО ПОВРЗАНИ СО РЕУПОТРЕБАТА НА МЕБЕЛ КАКО ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА ВИДОВИ НА МАТЕРИЈАЛИ, ОБРАБОТКА, ЗАШТИТА, ТАПАЦИРАЊЕ И ДЕКОР СО КОРИСТЕЊЕ НА СТАР ТЕКСТИЛ И СЛИЧНО. СО СТЕКНУВАЊЕТО НА ВЕШТИНИ И ЗНАЕЊА ПРЕКУ ПОСЕТАТА НА ОБУКИТЕ, ОБУЧЕНИТЕ ЛИЦА ЌЕ ДОБИЈАТ МОЖНОСТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОПСТВЕНАТА СОЦИО-ЕКОНОМСКА СОСТОЈБА . ВО СЕКОЈ ОД ЦИКЛУСИТЕ ЌЕ БИДАТ ОБУЧЕНИ 5 ЛИЦА ИЛИ ВКУПНО 10 ЛИЦА СО ЗАВРШУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ. ПРВИОТ ЦИКЛУС ЌЕ СЕ СПРОВЕДУВА ВО ПЕРИОДОТ АПРИЛ, МАЈ И ЈУНИ МЕСЕЦ 2022 ГОДИНА. ОБУКАТА Е БЕСПЛАТНА И ГИ ОХРАБРУВАМЕ СИТЕ НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА НА ВОЗРАСТ 18-40 ГОДИНИ ДА СЕ ПРИЈАВАТ СО ПОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАШАЛНИКОТ ПОДОЛУ. КАНДИДАТИТЕ ТРЕБА ДА ЖИВЕАТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. ИСТО ТАКА, СЕ ОХРАБРУВААТ СИТЕ КОИ ИМААТ ВО СВОИТЕ ДОМОВИ СКЛАДИРАНО МНОГУ СТАР МЕБЕЛ СО ЕМОТИВНО ПОТЕКЛО, И КОЈ НЕ САКААТ ДА ЗАВРШИ НА ДЕПОНИЈА ИЛИ ИЗГОРЕН, ДА ГО ДОНИРААТ ЗА ЦЕЛИТЕ НА ПРОЕКТОТ СО ШТО ЌЕ МУ ДАДЕМЕ ВТОР ЖИВОТ ПРЕКУ АКТИВНОСТИТЕ НА ПРОЕКТОТ.



Општинско јавно гласило
**КАВ’ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Лилјана Митрова
**Печати:** печатница Европа 92 Кочани
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**